**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Бихаќка“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1 09-10**
**од 26.02.2025 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку Виш инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, Раководител на подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад, Сектор за водостопанска инспекција со канцеларија во Прилеп, изврши **<u>редовен</u>** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а, 1000 Скопје, застапувано од член на одбор на директори - Главен извршен директор Филип Филиповски со ЕМБГ . Согласно член 82 од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), со Записник број ИП1-09-10 од 24.02.2025 год. е утврдена фактичката состојба. Согласно член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 83 став (1) од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) **Се изрекува ОПОМЕНА** на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, **носител на дозволата бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год.** со која се стекнал со право за вадење песок, чакал и камен од речно корито и бреговите на река Вардар за делница м.в. Коработ, КО Криволак и КО Пепелиште, општина Неготино, заради заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар, кој поради завршување (истекување) на рокот на важење на дозволата и договорот (до 23.02.2025 год.), е должен **<u>да достави :</u>**

- **Геодетски елаборат** за делницата каде се извршувале активностите со состојба по завршување на важење на договорот и на дозволата (услов и обврска од дозволата).
- **Записник** за количините на изваден матерјал според техичка документација и потврда дека целосно се подмирени финансиските обврски кон носителот на дозволата од страна на ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, (согласно член 5 од договорот)
- **Доказ** за извршена уплата на надоместокот од 7% од утврдена цена за м$^3$ (според Дел 5 од дозволата), согласно член 215 од Закон за води, за вкупна количина од 7.106,00 м$^3$ речен матерјал, во вкупен износ од **39.794,00 денари**.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **30 (триесет) дена ,** по приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да ги достави бараните документи **до Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина - Сектор води и до Државниот инспекторат за животна средина - Скопје**.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 69 од Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019, 272/24 и 22/25), преку Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, спроведе редовен инспекциски надзор во АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1" бр.10 а Скопје, застапуван од присутното лице Илија Темелковски, Советник за одржување и експлотација на ХМС, со овластување бр. 03 - 364 од 04.02.2025 год. Увидот се изврши според член 230 став (1) точка 18) а во врска со член 142 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 3/25). Согласно член 82 од Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019, 272/24 и 22/25), составен е Записник број ИП1-09-10 од 24.02.2025 год. во кој е констатирана следна состојба:

Согласно член 142 од Закон за води, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина - Сектор води, на АД Водостопанство на РСМ во државн сопственост - Скопје, му има издадено Решение за издавање Дозвола за вадење песок, чакал и камен од коритото и бреговите на река Вардар со бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год. (носител на дозвола), со која се стекнува со право за вадење песок,чакал и камен од коритото и бреговите на р.Вардар на делница м.в. Коработ, на КП 760/1 КО Криволак и на КП 2248/1 КО Пепелиште, општина Неготино, во должина од 1.000 м, заради заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар. Временскиот рок на важење на дозволата од 2 години е **ЗАВРШЕН на 23.02.2025 година.**

За реализирање на условите и обврските утврдени во дозволата, АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост, има склучено Договор бр.10-1239/13 од 27.07.2023 год.со правниот субјект ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул." Благој Ѓорев " бр.221-Б3, Велес (изведувач на работите - купувач), за купопродажба на наносен материјал (песок,чакал и камен) отстранет од речно корито на р.Вардар на делница м.в. Коработ на КП 760/1 КО Криволак и на КП 2248/1 КО Пепелиште, општина Неготино во должина од 1.000 м. во количина која нема да надмине 29.241,30 $м^3$, по цена од 80,00 ден/$м^3$ заради уредување на режимот на водите. Времетраењето на овој Договор е до важење на дозволата за вадење,песок и чакал од речното корито на р.Вардар и важи до 23.02.2025 г.

Во присуство на овластен претставник на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост, поради завршена важност на Дозволата издадена согласно член 142 од Закон за води, се изврши теренски увид на трасата на делница м.в.Коработ, КО Криволак и КО Пепелиште, општина Неготино и увид во документацијата приложена при надзорот, (Основен проект, тех.бр.161/1-22 од Јули 2022 г, Дозвола бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 г., Договор бр.10-1239/13 од 27.07.2023 г, градежен дневник, дневни извештаи за количеството на вкупно изваден материјал), при што се констатира следната состојба :

Правниот субјект ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ Велес, е воведен во работа на 14.08.2023 год. Во периодот од воведување во работа до завршување на рокот на важење на дозволата и склучениот договор, вршен е ископ и вадење на наносен материјал од речното корито на река Вардар. Во градежниот дневник се евидентирани вкупно извадени 7.106,00 $м^3$ од кои во насип се вградени 0,00 $м^3$ материјал, а издадени се испратници за пуштање во продажба на ископан наносен материјал од речно корито на р.Вардар за вкупна количина од 7.106,00 $м^3$.

Согласно член 142-г став (3) од Закон за водите " Испратниците се заведени во Регистар на издадени испратници, а се издадени од овластено лице од МЖСПП. За периодот од воведување во работа до завршување на дозволата, вкупно се издадени 17 кочани со 680 испратници.До завршување на дозволата и договорот,заклучно со 23.02.2025 г. носителот на дозволата АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост има издадено вкупно 640 испратници (**останати се уште 40 неискористени испратници од сер.бр.0021881 до сер.бр.0021920 = 40**), за пуштање во продажба на ископан – изваден наносен матерјал (песок, чакал и камен) од речно корито на р.Вардар за вкупна количина од 7.106,00 $м^3$ , кои се составен дел од 22 издадени фактури, за кои согласно член 215 став(1) ,(2) и (3) од Закон за води, носителот на дозволата е должен надоместокот кој се плаќа за вадење на песок,чакал и камен кој изнесува 7% од утврдената цена за $м^3$ (80,00 ден/$м^3$ согласно член 3 од договорот) да го прикаже одвоено во фактурите и да го уплати на посебна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка, дадена во дозволата.

За издадените и наплатени 22 фактурите во кои е прикажан и пресметан надоместокот согласно член 215 од Закон за води , не е доставен Извештај до МЖСПП – сектор води, со приложен доказ за извршена уплата на надоместокот.
Согласно чл.8 од Договорот и член 215 од Закон за води, вкупниот надомест кој треба да се плати за наплатените 22 фактури, кои се доставени на правниот субјект ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ Велес, **изнесува 7.106,00 $м^3$ x 80,00 ден/$м^3$ x 7% = 39.794,00 денари**

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение, може да се изјави жалба, согласно член 240 од Закон за води и член 84 од Закон за инспекциски надзор.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, до Државната Комисија за одлучување во управна постапка ,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, **со решение број ИП1 09-10 од 26.02.2025 година.**

**Тони Димески**
Виш водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.„3-та Македонска бригада 1" бр. 10а ,1000 Скопје .